

Ćiro Popović

# ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ—ЦИЦО
(1914 — 1962)

ретроспективна изложба на карикатури, цртежи, акварели, сценографски скици

# VASILIJE POPOVIĆ—CICO

exposition retrospective de caricatures, dessins, aquarelles, esquisses scéniques

---

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ — СКОПЈЕ
MUSÉE D'ART CONTEMPORAIN — SKOPJE
11. IV. — 6. V. 1973

На корицата: 86. Автокарикатура II 1955

Изложбата е реализирана со средства
на Републичкиот фонд за унапредување
на културните дејности

Одборот за организирање на Меморијалот и Музејот на современата уметност, ја изразуваат својата благодарност на сите лица и институции што придонесоа за реализацијата на оваа изложба, а особено на:

Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности, Скопје

Семејството на Василие Поповиќ — Цицо, сопругата Евица и ќерката Гордана Поповиќ, Белград

Војниот музеј, Белград

Народниот музеј, Охрид

Историскиот музеј, Скопје

Музејот на град Скопје

Вардар филм, Скопје

Македонскиот народен театар, Скопје

Книгоиздателството „Македонска книга“, Скопје

Друштво на писателите на СРМ, Скопје

ОДБОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МЕМОРИЈАЛОТ ПО ПОВОД ДЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ — ЦИЦО

Претседател
Академик БЛАЖЕ КОНЕСКИ, претседател на МАНУ и писател

Секретар
НИКО ТОЗИ — советник во Републичкиот секретаријат за култура

Членови:

Академик Никола МАРТИНОСКИ, академски сликар

Академик СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, писател

ДИМО ТОДОРОВСКИ, академски скулптор и дописен член на МАНУ

Д-р ДЕСА МИЉОВСКА, Републички секретар за култура и професор

ВЛАДО МАЛЕВСКИ, Амбасадор на СФРЈ во Варшава и писател

ПЕРО КОРОБАР, Претседател на Советот за негување на револуционерните традиции

БОРИС ПЕТКОВСКИ, директор на МСУ, историчар на уметноста

ИЛИЈА ЗАФИРОВСКИ, главен и одговорен уредник на „Нова Македонија“

СПАСЕ КУНОВСКИ, претседател на ДЛУМ и академски сликар

СТОЈМИР ПОПОВСКИ, директор на МНТ

ДИМИТАР ЌОСТАРОВ, режисер во МНТ

БРАНКО КОСТОВСКИ, сценограф во МНТ и ликовен уметник

ДАРКО МАРКОВИЌ, главен и одговорен уредник на „Остен“

СТРУЧНА И ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА:
Уметничка галерија и Музеј на современата уметност, Скопје

## ЖИВОТОТ И ТВОРЕШТВОТО НА ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ — ЦИЦО

Во историјата на современата македонска ликовна и применета уметност личноста на Василие Поповиќ — Цицо зазема едно специфично и изделено место. Тоа е определено од широчината на творечките подрачја во кои се искажуваше овој уметник, од неговата пионерска улога во многу области, а особено во сценографијата и карикатурата, како и од сериозноста на резултатите што во некои од нив ги има постигнато.

Поради тоа, оваа ретроспективна изложба на творештвото на Василие Поповиќ — Цицо, чиј иницијатор е покојниот академик Никола Мартиноски, си ја поставува целта да овозможи: во границите на сегашниот степен на проученоста на неговото дело* што поцелосно да се претставуват и да се определат квантитативните и вредностните аспекти на неговото дејствување во нашата култура.

## ЖИВОТ[1]

Василие Поповиќ — Цицо е роден во Скадар на 12. II. 1914 година. Неговиот дедо по мајка се школувал во Русија и бил угледен граѓанин на Скадар. Тој работел, во времето кога Цицо се родил, како секретар на Рускиот конзулат во тој град. Таткото на Цицо, Обрад, му припаѓал на семејството Поповиќ од Плав, кое веќе неколку генерации назад давало свештеници. Поради тоа не беше необична неговата желба таа традиција да се продолжи преку синовите — Славко и Василие. Сепак, иако доаѓало до помали судрувања таткото, прилично слободоумен (и покрај својот позив и времето во коешто живеел), не инсистирал претерано кога увидел дека неговите синови одат по сосема друг пат.

---

* Одлуката да се организира оваа изложба во почетокот на 1973 година е донесена кон крајот на минатата. Од тогаш до предавањето на каталогот во печат, изминаа само неполни четири месеци.

[1] Голем дел од податоците приведени во предговорот, кои се однесуваат на животот на В. Поповиќ — Цицо, се соопштени од повеќе лица: особено од Евица Поповиќ, Никола Мартиноски, Димо Тодоровски, Перо Коробар, Јован Костовски, Никола Кацаволу, Тодор Маневиќ и тн.; или се приведени според изјавата на уметникот во печатот и бројни писмени искажувања за него: од Б. Конески, Т. Момировски, З. Блажиќ, Ј. Бошковски итн.

Таткото на Цицо, како свештеник, прв пат сам дошол во Скопје, во 1910 година, уште за време на Отоманската империја. Кога започнала Првата светска војна, Обрад Поповиќ морал да го напушти Скопје. Се вратил во Скадар, а потоа со семејството се преселил во Плав. Првите свесни сеќавања на Цицо беа врзани за ова место. Во текот на своето детство, тој секое лето доаѓал тука, задржувајќи до крајот на животот едно носталгично чувство за Плав.

Во Скопје Цицо дошол како петгодишно дете, и, со исклучок на кратки прекини, остана во него до крајот на животот. Всушност тој Скопје го сметаше за свој роден град и играјќи по неговите сокаци околу Саат кулата во чијашто близина живеел, толку добро научил македонски и турски јазик, што не можела да се забележи никаква разлика меѓу него и останатите деца. Во основното училиште го запишале предвреме, со неполни шест години. Тогаш за прв пат во себе ја открил потребата за цртање. Цртал возови и други предмети по ѕидовите на визбата, но на тоа не му придавал некакво значење. Прво признание добил од својот пекар, кај кого секое утро купувал леб. За успешно прецртана слика од букварот на школската табличка, пекарот му поклонил кифла, а Цицо на тој настан често и со задоволство се сеќаваше".[2]

Основното училиште Цицо го завршил без проблеми, но во погорните класови на гимназијата почесто доаѓал во судир со наставниците. Во тоа време тој почнал да се бави и со карикатура, а често наставниците биле објект на неговите цртежи, што некои со огорчување го примале. Се чини дека, сепак, наклоноста на одделни професори кон Цицо зависела од неговиот однос спрема предметот што тие го предавале. Меѓу своите пријатели ги вбројувал професорите за јазик, историја, цртање и латински, а бил во постојано судрување со професорите по математика. Поради тоа, а и поради својот прграв темперамент бил истеруван на два пати, морал да ја менува гимназијата, така што извесно време учел во Тетово и Призрен. Ова, веројатно морало да му причинува проблеми на таткото на Цицо, прота Обрад Поповиќ, кој како воен свештеник бил угледен граѓанин на Скопје. Неговото семејство било посетувано од многу видни цивилни, воени и духовни лица на тоа време, особено на денот на неговата „слава".

Инаку веќе во текот на школувањето во гимназијата Цицо размислувал за своето запишување на Уметничката школа во Белград. Татко му, согледувајќи ја љубовта на Цицо спрема уметноста, го замолил тогаш веќе познатиот скопски уметник, сликарот Никола Мартиноски, да го прими неговиот син кај себе за да го подучува. Мартиноски веднаш го прифатил Цицо и овој во неговото ателје ги добил своите први професионални поуки. Мартиноски велеше дека Цицо бил љубопитен ученик, со најмногу интерес за цртежот и акварелот, но дека бил мошне „тврдоглав", придржувајќи се цврсто за некои свои разбирања и ставови. Во времето кога Мартиноски во првата половина на 1933 година, работел на две ѕидни слики во новоизградената куќа на Шкаперда во, како што одбележува еден напис од тоа време: „во стар бојарски романско — византиски стил"[3], му помагал и Цицо. Во истата таа 1933 година Цицо ја изработи корицата, во вид на фотомонтажа, на книгата „Мата теглач" од Цеко Стефановиќ и неколку цртежи како илустрации за неа. Првите карикатури на Цицо, често повеќе елементарни кроки —

---

[2] Евица Поповиќ, во писмото со биографски податоци, заведено во МСУ, под број 06-779/33/72, од 27. II. 1973.

[3] Напис во весникот „Вардар", од 13 април, 1933.

цртежи на одделни личности, скопскиот весник, „Вардар" почна да ги објавува во текот на 1934 година и продолжи така сè до крајот на своето излегување во 1936 година.[4]

Уште пред школувањето во Белград, во Скопје Цицо се запознал и се дружел со писателот Р. Зоговиќ. Можно е да се претпостави одредено влијание на овој „земјак", во поглед на политичките и социјалните тенденции често присутни во творештвото на Цицо.

Својот прв настап на изложба Цицо го имал веќе во мај 1933 година, на Петтата пролетна изложба на југословенските уметници во Белград, на која бил застапен со еден акварел.[5] Меѓутоа, желбата на Цицо да биде примен на Уметничката школа во Белград не се реализирала едноставно. Тој бил два пати одбиван. Било неопходно упорното инсистирање на Никола Мартиноски за да може Цицо да се запише во Школата.[6] Како што ми соопшти покојниот Мартиноски, некои од професорите својата резервираност ја поткрепувале и со фактот дека Цицо веќе почнал да настапува на изложби, па според тоа не му ни треба школување. Се чини дека годините на школувањето на Уметничката школа за Цицо претставувале најпријатни години од неговата младост. Работел со голема љубов, а „му одговара и послободниот дух што на овие школи секогаш владее па немал повеќе никакви судири, а со одделни професори е и во големо пријателство (Љуба Ивановиќ, Коста Маринковиќ). Омилени предмети му беа акварелот и декоративното цртање."[7] Професори му се, исто така: Бета Вукановиќ, Петар Добровиќ, Иван Радовиќ, Никола Бешевиќ. Во Школата се наоѓал тогаш и Андон Дуко, кој умре како партизан во 1944 год. Запазен е неговиот портрет (цртеж со молив во боја) карикатура направена од Цицо. Во постарите години се наоѓале уште Д. Тодоровски и Љ. Белогаски, а во генерацијата со Цицо, М. Николаевиќ, Трумиќ и др.

Уште во гимназијата во Скопје, Цицо посебно се интересирал за театарот. Посетувал многу претстави, а извесно време работел и како „разводник". Во Белград, во кој боравеше сè до 1938 година, исто така ја користел секоја можност да погледа по некоја оперска или драмска претстава. Сценографијата во него предизвикувала уште тогаш посебен интерес.

Во Школата бил подготвуван некаков вид „ракотворен" весник. Во него Цицо исто така изработил некои карикатури. Уште во текот на школувањето Цицо соработувал, почнувајќи од првите броеви излезени во 1935 година и во хумористично — сатиричниот весник „Окован јазавац", од Белград.

---

[4] Повеќе од цртежите — кроки и карикатури, се прилози на Цицо без порачка. Тој се „вртел" околу редакцијата, особено во време на школските распусти. Правел карикатури на соработниците на „Вардар". Ј. Костовски ми соопшти дека тој бил претставен во една карикатура, како се „вплеткал" во „пелцот" на една артистка која му била блиска пријателка. Го карикирал и самиот сопственик на „Вардар".

[5] На оваа изложба учествуваа уште Н. Мартиноски и Л. Личеноски.

[6] Според сеќавањето на некои негови колеги, при конкурирањето во Школата Цицо ги поднесол цртежите: „Работник со чекан" и „Христос на бедните".

[7] Евица Поповиќ, во цитираното писмо.

По дипломирањето на Уметничката школа во 1938 година, Цицо, поради материјални причини, не можел да го продолжи школувањето. Од есента на таа година Цицо е во војска како ученик на Офицерската школа во Сараево. Во Скопје се вратил во 1939 година и започнал да работи како сценограф во Народниот театар, каде што работел заедно со Н. Мартиноски и Т. Владимирски. Работата во Театарот, со оглед на тоа дека во таа иста година започнува Втората светска војна, често била прекинувана со повици на војни вежби, сè до април 1941 година. Во тој период Цицо сепак настапувал на некои колективни изложби со останатите скопски уметници, а подготвувал и една самостојна изложба, што требало да биде организирана под покровителство на Друштвото на пријателите на уметноста „Јефимија“.[8]

Во тој период Цицо интензивно се бави со карикатура, со која всушност и настапувал на изложбите. Неговите карикатури се објавувани и во предвоените белградски („Правда“) и скопски весници („Глас југа“ и „Скопска сцена“)[9] Цицо има изработено уште една опрема на корицата за книга на Цеко Стефановиќ: „Пиринчана поља“, од 1941. Очигледно е, од сето ова, дека Цицо веќе пред војната ги има навестено речиси сите свои разновидни професионални интереси во областа на ликовната и на применетата уметност. Што се однесува до неговите карикатури тие се веќе тогаш тематско и стилско навестување за сè она што ќе се развие и во подоцнешното творештвото на Цицо во оваа област. За жал, не сме во состојба да си создадеме каква и да е поопиплива претстава за неговата работа како сценограф во Театарот, во тие неполни две години пред војната.[10]

---

[8] Од написот од Љ(убо) Д(обричанин): „Млади карикатуриста Василије Поповић — Цицо припрема изложбу“ („Правда“, Белград, 24. I. 1940), произлегува дека Цицо подготвувал самостојна изложба, со поголем број дела. Меѓутоа, за оваа изложба никаде потоа ништо не е пронајдено, како приказ или критика, во досегашните истражувања; не е сочуван ниту каталог од неа. Самиот Цицо повеќе пати, како на пример и во еден разговор, објавен во весникот „Нова Македонија“ (Мето Јовановски: „Ве запознаваме со доаенот на карикатурата кај нас“, број од 1, 2. и 3 јануари 1956), нагласуваше дека пред војната излагал на неколку групни изложби, а дека самостојната изложба во 1957 година му е прва. Што се случило со проектот за таа планирана предвоена изложба на Цицо, за сега не можевме да дознаеме ниту од неговото семејство, ниту од други извори.

[9] Според сеќавањето на Тодор Маневиќ се чини дека една карикатура на Хитлер, направена од Цицо во 1940 година и забранета од „локалниот“ цензор во Скопје, била испратена по некој „канал“ (изгледа аташето за печатот во Амбасадата на САД) во Америка и објавена во Њујорк Тајмс или Вашингтон Пост, веројатно во ноември или декември 1940 година. Карикатурата го претставувала Хитлер, со фигура претворена во фашистичкиот симбол — прекршен крст.

[10] Од сеќавањето на неговите блиски и пријатели, може да се заклучи дека Цицо не се притеснувал да примени, уште тогаш, некои нонови и посмели решенија. Така за една комедија од Зошченко, прикажана некаде пред војната, направил декор кој целиот бил „искривоколчен“, претворен во еден вид сценографија — карикатура.

Во април 1941 година Цицо е заробен од Германците. Се наоѓа во логорите во Либек, Хоенфелс и Нирнберг сè до декември 1941 година. Во тој период настанаа неговите карикатури „Од логорот“ (околу 80), со кои се опфатени многу генерали, полковници и други личности од бившата југословенска војска. Претставени се и повеќе познати личности кои се нашле во неа како резервни офицери. Сите овие карикатури го носат печатот на логорските управи. Со заземање на некои негови пријатели од Скопје (Н. Мартиноски, Штаклев, Цувалековски) Цицо е ослободен од германскиот логор и повторно се вратил во Скопје, тогаш окупиран од Бугарите. Во време на окупацијата никаде не е постојано запослен и не излага. Според укажувањето на пријателите тој повремено добивал некоја работа во Театарот. Во тој период Цицо изработил повеќе карикатури на театарски артисти. За една од нив од 1943 год., знаеме преку репродукција во весникот „Целокупна Б'лгарија“. Некои од нив сега се наоѓаат во Бугарија.[11] Исто така познато е дека во времето на војната направил бројни карикатури поврзани со тогашната ситуација во Скопје: посебно, на тема: стравот на луѓето од бомбардирањата, прикажан низ поединечни и групни карикатури. Така едната од нив ја нарекол „Ко се вука боји још, три за грош, три за грош!“, а се однесува на луѓето кои се плашат од бомбардирањата, прикажани како „играат оро“. Цицо направил и редица портрети — карикатури на илегалци, на некои Бугари со напредни разбирања, кои посетувале некои заеднички пријатели. [12]

Во време на окупацијата извесен период Цицо живеел во куќата на Мартиноски заедно со Здравко Блажиќ. Куќата им била отстапена од постариот колега за сместување, работа и засолнување од очите на окупаторот. Меѓутоа, Цицо во почетокот на 1944 година бил заедно со некои селани од врањанските села интерниран во работен логор во Горна Џумаја. Повторно на интервенција на пријателите, Цицо е ослободен во август истата година, а веднаш потоа отишол во партизани. Во септември 1944 година Цицо се наоѓа во с. Врановци, вклучен во Агитпропот на Главниот штаб на НОВ за Македонија. Подоцна, нему му се придружија и неговите колеги Димо Тодоровски, Здравко Блажиќ, Томо Владимирски и музичарот Трајко Прокопиев. Според сеќавањата на З. Блажиќ, Д. Тодоровски „белешката“ за нивното одење во партизани била упатена токму од Цицо иако тој, од разбирливи причини, не ја „потпишал“.

Во с. Врановци и на други места каде што се движел Главниот штаб и неговиот Агитпроп, Цицо ги вложи сите свои професионални и творечки сили за да одговори на бројните задачи што му биле поставувани: но не пропушташе да ја збогатува својата галерија на карикатури, опфаќајќи со своите цртежи и темпери голем број личности со кои во таа средина доаѓаше во допир. Тие негови дела претставуваат значаен документ за еден мошне важен период од нашата Револуција. Цицо тогаш изработи заедно со Т. Владимирски и сценографија за прва театарска претстава одржана во с. Врановци, на која некоја советска пиеса била прикажана во една џамија. Тој учествуваше во реализацијата и на други настапи на наши артисти што тогаш се наоѓаа во партизани. Од бројните карикатури „фатени“ како цртеж, Цицо потоа реализираше дефинитивни творби — карикатури во темпера, на поединци и групни компо-

---

[11] Податокот е добиен од Н. Кацаволу, Скопје; Асен Василев, Софија и др.

[12] Податокот е добиен од Н. Кацаволу, Скопје, кого Цицо често го посетувал во времето на окупацијата.

зиции: така го претставил и Агитпропот на Главниот штаб. Цицо учествуваше и во создавањето на првист број на весникот „Нова Македонија“, во кој објави една карикатура на Хитлер. Голем број декорации во разни места на Македонија при нивното ослободување биле изработени од Цицо, со помош на неговите колеги. Од ноември 1944 година Цицо е повторно во Скопје и веднаш почна да работи како сценограф во Народниот театар и на тоа место остана сè до својата смрт. Извесно време Цицо работеше хонорарно и во ликовниот курс, а потоа и во новоснованото „Художествено (уметничко) училиште“: прва школска ликовна установа во Македонија, чиј директор беше покојниот Никола Мартиноски. И „Остен“, првиот сатирично — хумористичен весник во Македонија, се појави во јануари 1945 година, носејќи на насловната страна две карикатури на Цицо, со наслов: „Дошло колце на тркалце“. Цицо беше член на редакцијата на овој, во тоа време, единствен весник од овој вид во Југославија. Од НОБ и времето по ослободувањето некои негови карикатури се тематски мошне ангажирани (циклусот „Окупаторот“).

Заедно со Д. Тодоровски Цицо бораве на младинската акција за изградба на пругата Шамац — Сараево, од каде донесе низа цртежи и акварели. По војната тој има дадено голем придонес во многу области. Покрај работата на сценографијата, театарската и филмската, за која доби редица високи признанија и награди, Цицо и натаму интензивно сликаше акварели, извесен мал број масла, а изработи особено многу карикатури, портрети и групни композиции. Цицо е автор на корицата и опремата на првиот Буквар на македонски јазик, творец е на македонскиот државен грб, како и на првиот грб на град Скопје. Во повоениот период тој има изработено голем број опреми и илустрации на разновидни списанија, специјални публикации, книги итн.

Цицо, кој извесно време беше секретар на ДЛУМ, има учествувано на бројни изложби на ова Друштво, во Скопје и на други места во Југославија. Во текот на својот живот тој приреди една самостојна изложба — во 1957 година. Многу поопстојно неговото творештво е претставено по неговата смрт (на 10 декември 1962 год.).

Во периодот по војната Цицо има патувано на студиски престој во Париз и во некои други европски земји.

За својата работа има добиено редица признанија и награди.[13]

Цицо беше мошне друштвен човек. По војната тој си имаше создадено круг од пријатели од разновидни професии: лекари, уметници, писатели, новинари, театарски и филмски артисти итн. Со некои од нив се дружеше почесто, поблиски и поинтензивни беа контактите најчесто во вид на „седенки“ со „шпилови“ карти во рацете, а кај Цицо и со задолжителната цигара во устата. „Сабота навечер кај Д-р Никетиќ, [13a] е цртеж што на пример, иако недодвршен, фиксира со нервозната линија на Цицо една „сеанса“ во која учесниците, според своите афинитети играат карти, шах и сл. Ноншалантен кон многу „сериозни работи“ очигледно дека така се однесуваше и кон својата болест на срцето; таа на неколку пати го „предупредуваше“ за да го отргне дефинитивно, по извесно лечење во болницата во Скопје од нашата средина.

---

[13] Види во каталогот под: награди

[13a] Подоцна Цицо ќе го користи тој цртеж за да ја направи карикатурата „Суботари“

## ТВОРЕШТВО

### Предвоен период

Првиот јавен настап на Цицо како ликовен уметник се врзува за 1933 година. Тогаш тој излагаше, на Петтата пролетна изложба на југословенски уметници во Белград, еден акварел одбележан во каталогот со насловот „Из Скопља". Засега не сме во состојба да го идентифицираме ова дело, ниту да ги определиме неговите ликовни особини. Понепосредно може да се заклучи за видот на тогашното ликовно изразување на Цицо, според илустрациите (графики) и фотомонтажата на корицата во книгата „Мата теглач" од Цеко Стефановиќ објавена во 1933 година во Скопје. Претставите на „печалбари", „дрвари", „работници" итн., овде се предадени со еден рудиментарен, суров цртачки јазик, со извесна драматско-симболистичка наклонетост на Цицо; низ нив се провлекуваат разни технички недоречености и несмасна, експресивна деформација на формите. Фотомонтажата е прилично инвентивно решена, со тенденција да го прикаже контрастот меѓу една градска и рурална средина. Ова ја открива и отвореноста на Цицо, уште тогаш, за одредена ангажираност во еден вид социјална проблематика. Наредната година се појавуваат неговите први кроки — цртежи и карикатури во весникот „Вардар". Низ нив се опфатени личности кои беа во одредени моменти на тие предвоени години во фокусот на актуелните настани во Скопје: „Госпоѓа Ј. Лајтмановиќ" и „Адвокат Г. Грбиќ", од 1934 год., потоа личности од културниот живот: „Г. Ст. Шијачки", 1934, „Г. Ј. Јосиф Срдановиќ", 1934; „Г. Илија Сидиќ", „Петар Костиќ", „Петре Богданов — Кочко", 1934, или од тогашниот политички и јавен живот: „Г. Јосиф Михаиловиќ", 1934, „Г. Никола Узуновиќ", 1934, „Г. Панта Јовановиќ", 1934 итн.

Овие творби на Цицо се разрешени како скициозни, шематски и упростени белешки, во кои интенционалната карикатурална деформација е веќе присутна, но, сè уште, во најголемиот број случаи делува елементарно и упростено во смисла на психолошкото карактеризирање на „обработената" личност.

Во 1935 година Цицо соработуваше и во хумористично — сатиричниот белградски весник „Окована јазавац". Во него тој објави, на пример, политички карикатури со жестока, сатирична поента против продирањето на италијанскиот фашизам во Абисинија и др.[13б] Според тоа Цицо раобтел на карикатурата во текот на целото свое школување.

Почнувајќи од карикатурите што настанаа при крајот или веднаш по завршувањето на Уметничката школа во Белград па сè до 6 април 1941 година, Цицо веќе се открива како карикатурист со прецизно оформена физиономија.

---

[13б] „Во окупираните краеви Абисинките почнале да применуваат санкции"; „Измиј ме добро од беззаконието („Псалм" 51, ст. 2)"; „Пат околу светот"; „Крали Марко по кој знае кој пат меѓу Србите" итн.

Инаку, може да се заклучи и од една изјава на Цицо пред војната, по повод навестувањето дека ќе отвори своја самостојна изложба, дека тој „не обрнувајќи се на оние што се лутат" постојано го следел животот во Скопје, луѓето и настаните и ги карикирал. „Неговото ателје претставува ретка ризница на типови од Душановиот град и, во некоја рака е духовита илустрација на сите важни настани што се одиграле во последните години на тлото на овој град. Тоа ви се, пред сè, сите знаменити Скопјанци, сите политичари и политички печалбари, сите скопски уметници и останати културни и јавни работници", се вели во овој напис.[14] Се одбележува и тоа дека Цицо „мајсторски ги потенцира карактеристичните црти", за нас обичните смртници често и невидливи, на сите скопски културтрегери и политички лидери. Сето тоа Цицо остро го истакнал, го подвлекол и до убедливост верно го засенчал, така што никој пред неговата карикатура не ќе остане во недоумица за личноста, која му послужила како модел"[15]

Навистина, од оние неколку оригинали, а повеќе од разни репродукции во предвоениот печат и од фотографии, се гледа дека овие заклучоци не се изнасилени. Со многу поголем замав, опитност и продлабоченост ги третира сега Цицо своите „жртви"; се стреми да ги претвори во типови, да ги кондензира во физичко — психички дијаграми на дадени човечки личности.

Неколку негови карикатури од 1938 и 1939 година („Мојот татко", „Евица Поповиќ", „Јосиф Михајловиќ", „Томо Владимирски" итн.), се работени со молив. Тоа се личности мошне блиски на Цицо, родбински или пријателски. Во трите од нив тој веќе се користи со атрибути што треба да инсинуираат за некои покарактеристични белези на дадена личност: професијата, етничкото потекло, родното место, со тоа што психолошката карактеризација е различно засегната, а некаде не е ниту присутна. Во 1940 година, барем според сегашните сознанија, се појавија неговите први карикатури работени со акварел и темпера („Светозар Дорошки", „Д-р Брановачки", „Д-р Ж. Сарафиќ", „Петре Прличко"). Начинот на обработката на овие творби индицира еден од манирите на Цицо во ваков вид карикатури, што ќе остане присутен во сето негово понатамошно творештво. Личноста предадена обично анфас или во профил, е „опремена со детали што треба да идентифицираат некоја хипертрофирана професионална или друга страст или хоби. Физичкиот изглед и психологијата се предадени со незајадлива, „милозлива" деформација и пренагласување. Понекогаш ликовите се „оголени", без дополнителни елементи што ги придружуваат. Од овој период се впечатливите, ликовно еден од најуспешните карикатури на Никола Мартиноски и Велимир Живојиновиќ — Мацура, тогаш управник на Народното позориште во Скопје од 1939/40, и некои други за кои знаеме само од репродукции во скопскиот и во белградскиот печат.[16] Цицо има изработено и повеќе карикатури на истакнати личности од тогашниот светски политички живот, објавувани во скопскиот

---

[14] Види: Љ. Д(обричанин): „Млади карикатуриста Василије Поповић — Цицо припрема прву изложбу", Правда, Белград, 24. I. 1940.

[15] Ibid

[16] Така ја откриваме во „Глас Југа", бр. од 6-7 јануари 1941., групната карикатура на Цицо, на која се духовито прикажани Анѓелко Крстиќ, Бане Ковач, Ј. Костовски, Т. Маневиќ, Стефан Усковиќ и самиот автор.

предвоен печат, на пример во „Глас југа“: на Рузвелт, на кнезот Коное, на јапонскиот министер за надворешни работи, Мацуока, итн., во кои има постигнато некои цртачки вредности и карикатурална — сатирична убедливост, што не ќе ја надмине и во многу од своите подоцнешни политички карикатури. Веќе пред војната Цицо го зеде и сопствениот лик како објект на своите цртежи — карикатури, внесувајќи во нив инсинуација за својата „ноншалантност“ и „боемство“. Заедно со Никола Мартиноски кој, исто така, во дел од својот живот, поради особините на својот темперамент и експресионистички израз ќе се интересира за карикатурата, Цицо ја ангажираше својата вештина и во некои поспектакуларни зафати. Така е познато дека обата изработиле бројни карикатури, со „главно духовит приказ на спортскиот живот и односи во Скопје“, за традиционалниот маскенбал на С. К. „Граѓански“ од Скопје, во февруари 1940 година.[17] Запазена е една од овој род карикатури, со „наменска“, „маскенбалска“ насоченост, за еден друг бал: на Владо Петров, чиновник во Управата на бившата Градска општина на Скопје. Личноста е претставена со своето основно „професионално орудие“ — перото и е обликувана со елементарен цртеж, „подигнат“ со редуцирани колористички плотни.

Стилистиката на предвоената карикатура на Цицо не може директно да се поврзе со некој туѓ поединечен изразен систем. Меѓутоа, инспиративните поттици; основните „стратешки“ — стилски ликовни технички потфати на Цицо, се условени од една општа клима во карикатурата на предвоена Југославија: вклучувајќи ја тука и „ведетата“ Пјер Крижаниќ,[18] еден од професорите и пријателите на Цицо, таа се изразуваше во стремежот за јасно, прецизно визуелно дефинирање на хумористичното соопштување. Припаѓајќи ѝ на прогресивно ориентираната карикатура од тоа време, Цицо се „препознава“, лесно се идентифицира неговиот „манир“. Сепак, тој е само варијанта на обликовен систем во кој „смешното“, карикатуралното, гротескното се видови интервенции во еден, во основата, реалистички ликовен жаргон.

## Периодот од 1941 до 1962

### Карикатури

Војната од април 1941 година со фашистичка Германија, за Цицо се заврши со долгомесечно заробеништво во три концентрациони логори. Како што е погоре укажано, тој ја вработи својата имагинација за да ја забележи галеријата ликови на професионалните и „резервните“ офицери на бившата југословенска војска, кои се најдоа во германското заробеништво заедно со него. Тие околу 80 цртежи — карикатури (молив, моливи во боја, акварел), се полни со фини карактеролошки и физиономски опсервации, со по некој детаљ што укажува на одредени битни атрибути на личноста. Овие остварувања на Цицо треба да се сметаат како еден од највпечатливите, најизворните документи за резултатите од комплетниот политички, државен и морален крах на предвоениот кралски режим во Југославија. Од тоа време е запазен и еден автопортрет на Цицо,

---

[17] Д.: Традиционални маскенбал С. К. Грађанског у Скопљу.

[18] Томе Момировски: (Ликовен свет и визии оваа есен во Скопје, Современост, бр. 10, 1957) укажува на тоа дека Цицо својот карикатурален метод „го научил од својот учител Пјер Крижаниќ, кој уште од првите дни на неговата ориентација вршел позитивно влијание на него“.

цртеж со молив, работен во Нирнберг, во таа 1941 година. Тоа е единствениот автопортрет од ваков карактер што досега ни е сочуван од него, а во кој уметникот како да се доближил до некои искуства на Јакац: во смисла на едно стегнато, синтетизирано реалистичко третирање на формата и здржана експерсивност на психологијата.

По враќањето во Скопје, во крајот на 1941 година, Цицо се впушта во истата страст во откривање на медиумот за својата шегобијна, потсмешлива заједливост, во која нема жесток цинизам и сатира, освен кога објектот и самиот ја предизвикува агресијата и „ангажирањето". Познато е дека Цицо направил карикатури — портрети на бројни режисери, артисти итн. од тогашниот скопски театарски живот. Некои од тие карикатури сега се наоѓаат во Бугарија. Запазени се карикатурите на неговите долгогодишни пријатели артистот Петре Прличко и сликарот Томо Владимирски од 1943 година. Петре Прличко е претставен со своето „вечно луле" и гитара во рацете, а некаде во аголот насмеано стои една театарска маска (всушност, ова било „рекламно пано" на Театарот). Физиономските белези се вешто и деликатно деформирани. Владимирски е претставен со колаж од разнобојни книжни „лепенки" и повеќе е предаден како шематизиран, синтетизиран цртеж отколку како карикатура, освен низ еден од реквизитите: наместо четка тој во раката држи млад кромид. Позната е и успешната карикатура на животната придружничка на Цицо, Евица Поповиќ, од 1943 година. Од тоа време (1943) се и карикатурите (темпера) на Алеко Гризо, Круме Деспотовски, предадени со едно „ублажено", пријателско подбивање, со малку суров, тврд цртеж и здржан колорит. Карактеристичен детаљ од неговиот живот е и настојувањето на Цицо да ги забележи малите и големите маки и проблеми на луѓето во Скопје, во тоа тешко воено време. За жал, ништо поопипливо не може да се каже за тие негови остварувања, бидејќи ништо не е сочувано.

Во есента на 1944 година Цицо ја впрегна целата своја творечка енергија во новите задачи што му ги постави неговото ангажирање во Агитропот на Главниот штаб на НОВ за Македонија. Пред сè, Цицо изработи поголем број цртежи — кроки, белешки за личностите со кои доаѓаше во допир, натрупувајќи ги како „резервоар" за натамошна разработка во своите карикатури во боја (темпери). Веќе тука неговиот заједлив, (сатиричен) пристап кон психолошките, карактерните, професионалните аспирации и амбиции на одделните личности, ја најде својата разврска. Тие денес, со право, се чуваат во Историскиот музеј како изворен документ, од специфичен карактер, за една секвенца од големата револуционерна историска пресвртница на нашиот народ. Неговите цртежи карикатури од овој репертоар на револуционерни ликови, се сведени на јадровита, концизна, упростена фиксација на одредени — по малку шематизирани — црти на дадена личност: сведувајќи ја стилизацијата на есенцијалност што не се стреми кон поцелосна објава на психологијата на даден лик, освен во неколку примери (така во карикатурите со туш: на „Агитпропот на главниот штаб на НОБ" или со молив на Владо Малевски, В. Ивановски, П. Коробар, И. Топалоски, П. Богданов — Кочко, П. Брашнаров и др.). Од групните цртежи — карикатури со молив, се издвојува оној во кој се претставени Т. Владимирски, Д. Тодоровски, З. Блажиќ, Ж. Фирфов и Т. Прокопиев: има нешто неодредливо трагикомично во ставите, мошне убедливо предадени, на овие личности; во судирот меѓу нивниот „невоинствен" изглед и несмасно навлечената „војничка" облека. Пренесувајќи некои од овие цртежи во карикатури работени со темпера, Цицо нивната основна структура ја остава иста; со тоа што моментот на серијалноста, шематичноста нешто повеќе се нагласува, поради самиот карактер на медиумот (температа), и поради

стремежот на Цицо за поставување на боите во чисти, прецизно затворени, конзистентни плотни, површини, омеѓени со „стегнати“ потези (групните карикатури: „Бункер“ и „Агитпроп“, од 1945, портретните карикатури „Другарот Абас“, „Генадие“, „Мане Чучков“, од 1944 година итн.).

Политичка карикатура за „широко пласирање“, Цицо продолжи да работи сега за весникот „Нова Македонија“. За неговиот прв број излезен во 1944 година, тој ја изработи карикатурата во која е прикажан Хитлер, чии екстремитети се растегнувани од сојузниците, претставени со своите врвни личности: Рузвелт, Черчил, Сталин, Тито. Гротескноста на фигурата на водачот на фашистичка Германија е „подзасилена“ со извесни детали: прстите на рацете и нозете се претворени во некаков вид шепи или канџи со издолжени нокти. Вметната е и фина градација во значењето на придонесот на сојузниците во уништувањето на фашизмот: романски селанец и бугарски војник заеднички „тргаат“ една нога на Хитлер. Цицо објави карикатури и во сатирично — хумористичниот весник „Остен“, кој почна да излегува во почетокот на 1945 година. Две негови карикатури објавени во првиот број на пример, повторно го третираат брзиот крај на фашизмот. Тие стилски имаат во себе нешто од предвоената политичка карикатура на Цицо, така што некои личности се мошне слично третирани (на пример „предвоениот“ и „сегашниот“ Рузвелт на Цицо).

Цицо изработи главно во текот на 1945 година, серија карикатури како циклус што тој го нарече „Окупатор“. Тие се со карактеристични наслови: „Разрещување на еврејското прашање“, „Конвој“, „Нij ште литнем“, „Загари“, „Борисова гарда“ (фашистичка парада), „Откубване км новите позицији“, „Пет на нож“ итн. Жестокоста на уметниковите чувства спрема окупацијата од страна на фашистичка Бугарија и последиците од неа во Македонија, тука е доведена до вжештување. Сѐ е дозволено за да се исмее гротескноста, ступидноста, цинизмот и препотенцијата на окупаторот. За таа цел Цицо применува цела низа инструменти на карикатуралното изразување: хипертрофирање на постапките и душевно — физиономските мани на „жртвите“; доведување на гротескното до пароксизам, понекогаш до опасност од самоцелно исмејување; препуштање на имагинацијата да ги открие до крај апсурдните односи, ситуации, за негативното и одбивното во нив уште повеќе да се подвлече. Во овие карикатури има во основата две постапки. Според едната, се создаваат карикатури во кои „сцената“, амбиентот во кој „нешто се случува“, е подетално, широко експликативно определен („Разрешување на еврејското прашање“). Во втората ситуација се сведени на битни состави, композициони констелации на фигури, без дополнителни атрибути за да се навести каде нешто се случува. Тоа се и карикатурите во кои цинизмот и зајадливоста на Цицо доаѓаат до посебен израз („Конвој“, 1945, „Загари“, 1945 итн.).[19] Забележлива е од формален аспект, во овие карикатури на Цицо извесна популарна нотка, извесна „дизниевска“ стриповност, што ги сместува накај карактеристиките на денешните информативно — комуникативни медии: но напоредно со вклучувањето на евидентниот идејно — политички ангажман на авторот; и со неприкриената, привидно „народски“ шегобијна, остро насочена тенденциозност (карактеристична за поголемиот дел од светската политичка карикатура, од првите децении на XIX век наваму).[20]

---

[19] За жал, најголемиот дел од нив и покрај сите напори, не можеше да биде пронајден и претставен на оваа изложба.

[20] Овие нивни особини беа особено истакнувани во некои прикази (види, меѓу останатото: Димче Коцо; „Првата изложба на ма-

Во текот на 1946, 1947 и 1948 година Цицо има изработено сосема мал број карикатури, тематски врзани за портретите од кои некои се недовршени или не се сочувани.[21] Не сум во состојба да ја приведам во овој момент причината за оваа „пауза“. Од 1947 е сочуван еден цртеж, поточно кроки со креда, карикатура на С. Куновски; разрешена со згорнично подвлекување на некои физиономски белези на лик на младич.

Наредниот период во карикатуралното творештво, на Цицо започнува главно од 1949 година, и трае непрекинато сè до неговата смрт во 1962 година.

Во време од цела една деценија Цицо не работи политичка карикатура (уметникот има обработено портрети на политичари од нашата средина, на тие речиси воопшто не се изделуваат со некој особен пристап, освен во сосема ретки случаи, од целиот останат опус на Цицо).

Главната одлика на карикатурата на Цицо по 1949 година, е неговата насоченост кон луѓето со кои уметникот доаѓаше во допир приватно и професионално; како и кон оние области на нашата средина, во кои тој посебно се движеше, за кои имаше поспецифичен интерес, афинитет, љубов. Неговото творештво во овие години има една мошне спокојна развојна линија; како сето да е вклучено во настојувањето ништо насилно, грубо да не се растрои; страстите и намените на дадено време да се обвиткаат со превез на снисходлива шегобијност, добронамерно подбивање и пријателско „закanување со прст“.

Така претставите на бројни личности, од она што се нарекува „јавниот и културниот живот“, се прикажани од Цицо во портретни карикатури — темпери, во кои, освен во сосема ретки случаи — и пак со многу здржаност, е елиминирано прикажувањето на моменти на агресивност, злоба, на ниски страсти на дадени личности: на сите нив им се „прилепуваат“ само нивните „подносливи“, „разбирливи гревови“; со една благонаклоност, од карактер на ставот „кој човек нема мани“.[22] Најчесто, одредена личност, покрај настојувањето карактеристично во нејзината физиономија да се „претвори“, нагласи, деформира, со онаа позната тенденција, со која е родена карикатурата: да биде „поверна“ од реалноста, е придружена од некои детали што се асоцијативен инструментариум, избор на одделни карактеристични предмети, за да се идентифицира нејзиниот старосен, карактерен, социјален, приватен и професионален „статус“ („Данчо

---

кедонските художници“, „Нов ден“, број 3, декември 1945, стр. 51—52; Д.; „Изложбата на македонските художници“, „Нова Македонија“, 25 ноември 1945.

[21] Во нив Цицо не практикува веќе политички ангажирана тематика, ниту обработува актуелна општествена проблематика (види во таа смисла: Димитар Митрев, „Втората општа изложба“... „Нов ден“ бр. 9—10, 1946 и С. Јаневски: „Четвртата изложба на уметниците од Македонија“, „Нов ден“, број 5, мај 1949 година).

[22] „Оние вешти очи што во иднината ќе се вгледуваат во карикатурите на Цицо Поповиќ, ќе знаат да прочитаат во нив не една заклучена судбина. Тие подобро ќе нè разберат како живи луѓе, и со добри страни и со слабости, а кој разбира — поблаго осудува, поштедро проштава“. (Блаже Конески: „Кон првата самостојна изложба на карикатуристот Василие Поповиќ — Цицо“, „Културен живот“, број 4, 1957).

Митровски и Зина Крења", 1952; „Димче Коцо", 1953; „Кирил Спировски", 1953, „Д-р Никетиќ", 1952; „Илија Милчин", 1953; „Томче Грнчаровски", 1955; Ото Жупаниќ", 1956; „Михо Чакења", 1956; „Ѓоко Ангеловски", 1956; „Антоние Николовски" 1957, „Коста Балабанов", 1959,; „Лазо Наумовски", 1959; „Бранко Каракаш", 1960; „Трајче Попов", 1959; „Димитар Кондовски", 1960/61 ? итн.). Во одделни од нив се потенцирани, некои моменти и белези, за кои Цицо сметал дека особено треба да се пренагласат (наметливата става, инсинуацијата на „занаетот", во карикатурата на Боро Чушкар, 1955; професионалните атрибути со особено значење за нашата средина, се почигледно откриени во карикатурите: „Димче Коцо", 1953, Блаже Конески, 1954; Данка и Живко Фирфови; 1953, „Петар Тофовиќ и Ана Тофовиќ — Липша", 1954; „Крсте Црвенковски", 1957; „Славко Јаневски", 1957; „Ѓорги Базбокилос", 1958; „Димитар Митрев" 1958; „Ѓорги Абациев", 1959.). Во стилска смисла, сè до 1955, во карикатурите на Цицо нема особени истражувања за нови изразни модалитети. Линијата со која се профилираат ликовите било во цртежите со молив, било во темперите, е спокојна, мека, претставува во извесен број дела, во крајна линија, „карикатурално користење" на еден вид упростена, функционално стилизирана, реалистичка дескрипција („Драгутин Фукс", 1949; „Злате Енљановски" 1950; „Гордана Поповиќ", 1951; „Димитрие Андонов — Зографски", 1952; „Илија Милчин", 1953; „Перо Коробар", 1954; „Иван Мазов", 1955 итн.). Од 1955 година се забележува кај Цицо (нешто што е уочено и во неговите илустрации и сценографии), пројави на амбиција да се прошири изразениот репертоар, со некои поактуелни постапки во третирањето на цртежот и бојата. Со нив формата, од една страна, се упростува, се доближува до извесна „кубистичка" и „конструктивистичка" геометризација на цртежот и прегнатност на обоените плотни што тој ги ограничува. Од друга страна, внатре во површините на дадена форма, Цицо интервенира со редица решенија во кои се преплетуваат инвентивни декоративни и стилизаторски детали: напоредно со многу понагласена карикатурална деформација и позгустена, збиена, синтетична психолошка диференцијација на даден човечки лик. Порано здржаниот, смирен колорит, добива некаква нагласена, речиси „поп-арт" звучност; ја презема чистотата и тонската прегледност на плакатот и на другите средства за масовно комуницирање, на пример на анимираниот филм. Карактеристични во таа смисла се карикатурите: „Никола Мартиноски", 1955; „Ана Тофовиќ — Липша", 1955; „Петре Богданов — Кочко", 1955; „Борис Чипан", 1955; Лазар Личеноски", 1955?; „Димитар Ќостаров", 1955; „Митко Зафировски", 1955; „В Поповиќ — Цицо", 1955; „Иво Андриќ, 1956 (?); „Владо Малески", 1955; „Ацо Шопов", „Перо Коробар", 1957; „Гане Тодоровски", 1959; „Благој Попов", 1959; „Милка Божикова", 1959 итн.). Меѓутоа, Цицо постојано ќе ги алтернира двете постапки: „постарата" и „поновата", со што си овозможуваше поцелосно да ги опфати своите „објекти". Од последните години познати се некои негови карикатури во кои има постигнато резултати во една друга смисла: во истражување на малку полирско и попрефинето третирање на формите (во основата извлечени повторно од „матрицата" на еден лирски реализам), сè до извесна „кокетност" („Матеја Матевски", 1959; „Вера Корубин", 1959; „Трпе Јаковлевски", 1959; „Милан Ѓурчинов", 1960; „Благовеста Каваева", 1960); или во една поимагинативна обработка, како на пример во карикатурата на С. Куновски, од 1962 година: тука Цицо „карикатурално" ја „дуплира" ликовната постапка на овој уметник, инсинуирајќи ги, придржувајќи се кон нејзините стилски особености.

Цицо има изработено извесен број групни карикатури. Во нив се „фатени" одделни „ситуации" во разни социо-професионални групаци кај нас (писатели, театарски, филмски, музички и ликовни

уметници итн.). Напати, тие се разрешени како обична „констелација“, со извесна шаблонска, шематска поставеност на „учесниците“, најчесто без врзување околу некој одреден „настан“: едноставно се експозиција на одделни карикирани личности, со по некој од карактеристичните за нив белези, „пронајдени“ од Цицо, за полесна „идентификација“ (сепак, можна само од „познавачите“). Тоа се епизоди од животот во театарскиот, литературниот и филмскиот свет, во чиј амбиент Цицо и по „пријателска“ и по „професионална“ линија најмногу се движеше. Во нив нема место за Домиеовата и Гросовата жестока настојчивост, за нивната ангажираност максимално да се евидентираат канцерозните процеси во социјалната ситуација на човекот од нивното време. Кај Цицо како сè да е сведено на некаква блага, младешка ведра, неагресивна постапка: како да сака да нè убеди со изборот на „неагресивни“ теми дека, сепак, сè не е така темно меѓу луѓето; како да настанува ера на неопасни, малечки, „излечиви болести“, „дефекти“ и „мани“ во човековото „приватно“ и „социјално“ дејствување.[23]

Оттука, ваквите свои групни карикатури, Цицо практично ги поставува како компилација на одделни портрети. И како и кај нив, сè е доведено до едно ниво на „изедначување“: изедначување на „дозата“, на интензитетот и тежината на „шаржирањето“, унификација на објектите според настојувањето на авторот сè да се „разблажи“, да се смекне; стилско, изразно, техничко изедначување, со примена на извесни постапки кои придонесуваат да се реализира таа примарна тенденција кон нивелирање на односот спрема одделните „жртви“. Сето тоа не значи, од друга страна, дека нема фини инвентивни варијации во овие настојувања (карикатурите: „Професори од уметничкото училиште“ 1945, Сцена од Сомнително лице“, 1949; „Ликови од Операта при МНТ („Палјачи“) 1949; „Драмата при МНТ“, 1955; „Новогодишна елка, (Група писатели)“, 1955; „Група ликовни уметници“, 1955; „Мис Стон“, 1958; „Виза на злото“, 1958; „Мирно лето“, 1961 итн.).

Само во извесен број групни карикатури Цицо има внесено интенција да се користи некој „настан“ или она што го наречуваме „актуелна ситуација“, за во нив да се подвлечат, секвенцирано да се изделат, општествено релевантни пунктови, што во тие „ситуации“ се особено забележливи, јазолни. Цицо внесува во такви карикатури прецизна „инсинуација“ од ликовен карактер, односно визуелна „информација“ со која се распознаваат тие моменти. За нив, сепак, веќе денес, се потребни поширoки, дополнителни експликации: иако се таквите групни карикатури на Цицо замислени, во извесна смисла, како „карикатури на нaравите и страстите“ и би требало да ја носат во себе потенцијата за една хронолошки понезависна актуелност. Мислам тука на карикатурите: „Група писатели издавачи“; „Рондо (група композитори)“, 1955; „Управниот одбор на Театарот“, 1954; „Разгледи — Хоризонт“, 1954. Во нив се извлечени на виделина тогашните наши „кутурни фронтови“, во музиката, театарот и литературата. Симболично — зајадливо е претставена нивната ефемерност.

Во последните политички карикатури на Цицо објавувани во „Нова Македонија“, 1960—1962 општата творечка амбиција на авто-

---

[23] Види, меѓу останатото: Д. Кондовски; „Карикатурите и акварелите на Цицо“, „Нова Македонија“, 15. IX. 1957 и Томе Момировски: „Василие Поповиќ — Цицо“, „Современост“ број 1, јануари 1963, за хуманиот и благороден пристап на Цицо и тогаш кога ги разобличува „негативните тенденции во нашиот јавен живот“ (Д. Кондовски), за неговото „топло чувствување на ликот што го заинтересирал“ (Т. Момировски).

рот е поскромна. Следејќи ја актуелната политичка хроника, Цицо бареше во неа сегменти кои му се чинеа особено маркантни. Во тој поглед очигледно е дека имаше усет што да одбере. Начинот на обработката од содржинско-анегдотска страна се придржува до една општа рутина, со која повеќе се навестува смешното, комичното во деталот отколку што се настојува во понагласена политичка сатира. Ликовно, карикатурите на Цицо од овој карактер се сведени на една непретенциозна постапка, што како да настојува лесно да биде асимилирана од сите видови читатели. Тие се повеќе илустрирани вицеви, „смешни случки", речиси со еден популарен, непретенциозен визуелен цртачки манир.

## Акварели и цртежи

Напоредно со карикатурата Цицо работеше и на акварелот, алтернирајќи го со „акварелски" работени цртежи со сепија. Она што е запазено од овој дел на неговото творештво ни открива дека тука Цицо повеќе се стремеше кон една пејсажна тематика, поврзана најмногу со нашата средина. Неко иод нив се однесуваат на неговиот краткотраен престој во Париз. Ако се спореди предвоеното творештво на Цицо: акварели изработени без слобода и инвентивност, со скржава, сува „школска" постапка — „тврд" цртеж и суров колорит; потоа разни портретни и групни мотиви, со скицозна структура, расплинати, дифузни површини на акварелите што се настанати подоцна во време на војната, неговите акварели од 1944 година натаму, се уочува дека слободата на постапката кај Цицо во оваа техника најмногу е евидентна во некои дела настанати во почетокот на четириесеттите години: што не значи дека тие, со својата „импресионистичка" интонација, се и ликовно најиздржани („Женска глава", 1942, „Момче со карти", 1942 (?) „Гитарист", 1942).

Оние што се настанати по војната имаат еден благ развој во кој се забележува отклонување од извесна здржана, сува обработка: (акварелите „Девојченце I", 1953 „Мотив од Париз", 1955; „Пејзаж од Париз", 1955 итн.). ја покажуваат оваа тенденција во творештвото на Цицо кон еден нов израз), кон обработка што си допушта извесна поголема „омекнатост", раслоеност на формите. Меѓутоа, наспроти порано искажуваните мислења, се чини дека акварелот не е највпечатливата партија во опусот на Цицо. Извесен број на неговите акварели, за разлика од поиздржаните, поурамнотежените „разблажено" третирани — цртежи („Девојка со книга", 1947 и др.) се работени со извесна неконсеквентност од технолошко-стилски карактер, со извесна нотка на небрежност и недовршеност.

Цицо има изработено и сосема мал број слики во масло. Од она што сега е можно да се проучи се гледа дека тука Цицо не е во својот „фах": како да е потисната неговата инвентивност и рафинман, а особено е контроверзна неговата колористичка обработка на мотивите со маслени бои.

Извесен број цртежи што ни се сочувани од Цицо: еден голем дел како цртачки белешки, скици, малечки студии за карикатури, а другите како самостоен „изворен" цртеж, ни го покажуваат уметникот во една амбивалентна светлина. Очигледно е, во цртежот што, на кој и́ да е начин, е поврзан со карикатурата или со даден портрет, дека тука уметникот покажува една несомнена дарба, опитност и рутина. Помалку се впечатливи неговите цртежи што обработуваат некоја пејзажна тематика или објект од стара и понова архитектура. Особено се истакнува неговиот автопортрет направен, некаде околу 1960 година, со молив. Уметникот во него, низ евидентираните, но натуралистички непренагласените црти на својот лик, ја

изразил својата психологија и својот карактер: таа здруженост на ноншалантност и горчевина, на некаква потсмешливост поврзана со меланхолија и резигнација.

## Сценографија

Сè повеќе, веројатно, ќе се настојува на укажувањето дека најдобриот дел од творештвото на Цицо се неговите бројни сценографии. Со оглед дека за неговото предвоено творештво во оваа област нема непосредни материјали за проучување (цртежи, скици, студии, фотографии), ова определување главно може да се засновува на она што е, исто така мошне парцијално, сочувано како документација, за неговото повоено сценографско творештво.

Цицо, низ еден постојан творечки развој: условен од напластување на превосходно професионални искуства и од сообразувањето со современите текови на сценографијата, во Југославија и во светот, умееше да ја ангажира својата личност во таа сложена проблематика, со голем респект за специфичностите на одделните театарски медиуми. Се разбира, тој мораше грижливо да ја следи и промената на репертоарот на одделните ансамбли во МНТ и разновидните режисери, професионални и естетски барања. Познато е дека тој успеваше со многу одмереност, но и со мошне упорно инсистирање на личните концепции, да ги усогласи своите гледишта со оние на останатите креатори на дадена претстава.

Сценографиите на Цицо од првите години по ослободувањето, се поврзани исклучително со драмските претстави во МНТ. Во согласност со репертоарот (тој ги содржеше, меѓу другите, претставите: „Тартиф“, од Молиер, 1945; „Сомнително лице“, од Б. Нушиќ, 1946; „На секој мудрец може да му се случи“, Островски, 1946 — со Т. Владимирски итн.); со интенциите на реалистичкото режисерско поставување на претставите од тоа време, сценографските решенија на Цицо се исполнети со настојување да создаваат органско, хомогено поврзување со текстот и концепциите на мизансценот воопшто. Меѓутоа, Цицо често ја претвора сцената и костимите во една рамноправна творечка целина. Таа може како на пример во „Сомнително лице“ да се „натпреварува“ со сатирично-комичните стремежи на Нушиќ и духовитата, гротескно-реалистичка интерпретација на режијата и на артистите, да ја дополнува и досмислува со својата убедлива, мошне примерена на претставата, „визуелност“.

Почнувајќи од 1947 година со сценографијата за операта „Кавалерија рустикана“, од П. Маскањи, Цицо ќе создаде и поголем број сценографии за Операта при МНТ. А од 1949 година, со костимите и декорите за балетот „Валпургиска ноќ“, во операта „Фауст“, од Ш. Гуно — и за Балетот при оваа куќа. Во овој дел на својата работа Цицо се движеше по иста стилска развојна линија, со извесна „лирска варијанта“ во тоа инсистирање сцената да биде минуциозно обликуван простор, еден вид „прозорче“ во стварноста. Тоа се забележува во оперите „Кавалерија рустикана“, „Палјачи“, од Леонкавало, 1948; „Тоска“, од Пучини, 1948; во оперите на Верди: „Травијата“, 1948 и „Риголето“, 1952.; во „Продадена невеста“, од Б. Сметана, 1949 итн., Тие негови први оперски, драмски и балетски сценографии се разрешувани во скици — студии работени со акварел. Често се поиздржани од колку во другите области каде што Цицо ја користеше оваа техника. Од она што е запазено се гледа една лесна, неизнасилена постапка и фини колористички решенија (во бледожолти ,златести, светлокафеави, сивкасти, розести, синкаво-виолетови, зеленикави итн. нијанси). Цицо умееше сето тоа да го усогласи и со барањето на стилско единство меѓу својата сценографија и историско-стилската епоха, земјата, луѓето од времето

во кое се случува настанот на сцената; ренесансниот амбиент во „Риголето“ е разрешуван со деликатност и рафинман на „архитектурата“ и боите; селскиот „чешки“ амбиент во „Продадена невеста“; колористичко свежо, фолклористички „шареноликo“ и непринудено; „Аида“ од Верди, во 1954., е разрешена со монументални, свечени, помпезни сценографски елементи итн.

Напоредно со менувањето на репертоарот во МНТ, во сообразност со неговата литературна, музичка, балетска актуелност Цицо настојуваше да ја усогласи и стилистиката на своите сценографски решенија. Самиот укажа по еден повод[24] колку многу држи до сценографијата и костимите на пример на „Стаклената менажерија“, од Т. Вилијамс, изведена кај нас во 1954 година. Елементите на една ликовно-сценографска „модерност“ беа тука свесно вклучени како последица од следењето на духот на пиесата. Одделни решенија беа сосема нови, речиси за прв пат применети кај нас: редукција на одделни детали за инсинуирање на просторот на само битна сценска морфологија; менливост на сцените со одземање — додавање на одделни елементи. Овие настојувања се изразија во една попречистена форма во „Вештиците од Салем“, од А. Милер, изведена 1955 година. Напоредно со натамошната редукција на компонентите што го градат просторот, секој детаљ во сценографијата веќе има, во својата обликовно-колористичка лапидарност и извесна симболичка функција; таа произлегува повеќе од стремежот да се „подзасили“, подвлече авторовата идеја, отколку да се креира материјално прагматичен сценски амбиент. Во оваа претстава поочигледно се јавува интенцијата на Цицо колоритот на сценографските структури да се сообразува според карактерот на делото: „тежината“, драмско-трагичниот интензитет на делото и да се подзасили со интензивноста на колористичките односи; да се подвлекува свеченоста, одмереноста, а исто така страсноста, вознемиреноста. Такви интенции во оперската сценографија се откриваат во „Отело“ од Верди, во 1958 година: тука со понагласен рафинман, колористичка, едноставност, со стремеж кон монументални, а кохерентни сценски форми, декори. Со нив повеќе се имплицира „карактерот“ на даден омбиент, отколку што се настојува тоа да носи некаква директна епохална, историско-етничка сообразеност со настанот вклучен во делото, или со времето кога тоа настанало. Во тој дух е реализирана меѓу другите, сценографијата на Цицо во операта „Свршувачката во манастир“, од Прокофјев, во 1961 година. Тука се понагласени настојувањата сценографијата да се претвори во модерна пластична структура, поставена како визуелна естетска противвредност на дејствието, дури и по цена на опасност од паралелни, но не и хомогени односи: единствено, можеби, усогласени со прегнантната, строгата структура на музичката материја.

Цела низа други сценски остварувања на Цицо мошне нагласено настојуваат да ја наметнат врвната поента на дадено сценско остварување, сè до „вжештување“ на изразот. Притоа, очигледна е сообразеноста на овие креации на Цицо со сценографските истражувања во светот, колку од епохата на експресионизмот, толку со оние во текот на педесеттите години на овој век.

Пред сè, тоа се изрази во потенцираните афинитети на Цицо за симболистичка, експресионистичка и „метафизичка“ постановка на сцената. Структурата, на пример, на сценографијата во „Крвави свадби“, од Ф. Г. Лорка, изведена во 1962 година, е полна со инсинуации за шпанското поднебје но во еден „преработен“, симболично метафоричен вид. Секој елемент тука добива и извесна функција

---

[24] Мето Јовановски: Доајенот на карикатурата кај нас ... op. cit.

на самостојна пластична форма, со стилистика што имплицира, како преседан, некои подоцнежни барања кај нас. Тие структури се со „вознемирени“, речиси конвулзивно разместени детали, експресивни во формата и колоритот. Сценографијата на „Ромео и Јулија“, од Прокофјев, во 1962, е обвиткана со искуствата на таканареченото „метафизичко“ сликарство, една „роднинска“ варијанта на надреализмот. Таа сценографија содржи архитектура на сцените, една „пејзажност“ чија стилска инсинуација на пригодни и ренесансни урбанистички „реални“ детали (небо, куќи), се преплетува со „пронајдени“, неочекувани, композициони односи; со акценти што создаваат впечаток за нешто необично, нестварно. Некои сценографии за балетите „Жар птица“, од Стравински и „Вибрации“, од Фрибер, во 1961 година, се разрешени со „оголување“ на сценскиот простор; се нагласуваат во него издолжени, кревки, елегантни линии, нивната стилизираност; и „меки“, „пастелни“ бои, со вметнување само на одделни маркантни детали, за со нив да се фиксира некој битен елемент поврзан со делото. Оставајќи на страна многу други решенија на Цицо, ќе ја спомενам уште сценографијата за Брехтовото дело „Швејк во II светска војна“, изведено во 1963 година. Тука Цицо сета „сценичност“ ја подвел под стратегијата на писателот: ги следел неговите идејни „поентирања“ со формулации на сценографијата во згуснати симболично-метафорични и експресивни пунктови; тие се полни со тежина, со една тегобна, морбидна и трауматична атмосфера. Деталите (бодлести жици, бункер, фашистичкиот симбол — прекршениот крст итн.), се ослободени од својата секојдневна гола сугестивност, за да станат и во замислата на сценографот носители на еден ангажман од повисок духовен план.[25]

Со својата сценографија Цицо несомнено создаде еден посебен „стил“ во нашата театарска уметност. Тој, иако не мора да се следи, иако може да присилува на непосредно угледување, имплицира еден активен, респектабилен и творечки однос кон него.

Цицо се обиде и во филмската сценографија. Значаен творечки резултат тој постигна во филмот „Мис Стон“, реализиран во 1958 година, во режија од Жика Митровиќ. Таа е исполнета со фино „дозирани“ детали, што со својата пластичност и композициона распоределеност, беа органски вклучени во структурата и карактерот на филмското дејствие.

### Опрема и илустрации на книги и списанија

Почнувајќи од корицата и илустрациите во првиот Буквар на македонски јазик објавен во првиот период по војната (во 1945), Цицо има изработено огромен број нацрти за корици, опреми и илустрации на разновидни публикации: списанија, книги, учебници, прирачници итн. До средината на педесеттите години овој дел на неговото творештво, во ликовно-техничка смисла не си поставува особено амбициозни цели; тоа, веројатно, било во функција на естетските разбирања на издавачите, како и на материјалните и техничките можности од тоа време во нашата издавачка дејност воопшто.

---

[25] Јован Бошковски („Сеќавање на починатите членови“, „Дваесет години на Македонскиот народен театар 1945—1965“), меѓу останатото на сценографијата на Цицо укажува дека таа била „благодатно тло“ за афирмација на бујната творечка фантазија на уметникот. Дека „секогаш умееше да постигне сполучлив спој на практичното и убавото“ и да изнајде такви решенија, што им даваа можност на реализаторите да ја разгранат својата игра „во сценографска рамка, која таа игра нема да ја засенчи со своите одделни, или наметливи ликовни вредности“.

Во последните 6—7 години од својот живот Цицо полека ја напушта, особено во обликувањето на кориците на многу книги и списанија, поранешната реалистичка морфологија, евентуално нешто стилизирана и упростена. Настојува, нешто што е забележливо и во неговата карикатура и во неговите сценографии, да пронајде нови изразни модалитети, во кои полека беа вклучени посовремени белези. Корицата, илустрациите опремата итн. почнуваат да стануваат објект за едно поцелосно изразување на уметникот, непосредно со нивното претворање во самостојна ликовна структура, која не е само „одликоено“, дуплирано визуелно следење на текстот. Стилистиката презема нешто од и на други места забележаните кај Цицо упростувања од геометриско-кубистичко-конструктивистички карактер. Колоритот, исто така, е многу посмело, многу посоответно ускладен со стратегијата на современите средства за масовно комуницирање.

**З а к л у ч о к**

Комплексноста на ова творештво, неговата разновидност, сметам дека со право ги потврдуваат првите ставови искажани во овој текст: дека тоа зазема едно специфично и изделено место во рамките на нашата национална култура. Не треба да се заборави дека е тоа, од друга страна, творештво што беше изложено на сите процеси што се одвиваа во времето кога е тоа создавано. Оттука произлегува и неговата нерамноправност, диспаратноста на дометите што уметникот ги достигнувал во одделни области во кои творечки се изразувал. Овој опус, конечно, е мошне предвремено прекинат и тоа, сметам, во миг кога откриваше нови аспирации на Цицо, еден нагласен стремеж за достигнување на нови творечки хоризонти. Но и за тие што тој ги има откриено, сите оние што биле негови современици и оние што ќе дојдат по него, треба да ја сочуваат во себе благодарноста и респектот за едно благородно уметничко и човечко дејствување.

**Борис Петковски**

## ВАСИЛИЕ ПОПОВИЌ — ЦИЦО, СЛИКАР — КАРИКАТУРИСТ И СЦЕНОГРАФ
## VASILIJE POPOVIČ — CICO — PEINTRE

Роден е на 12. II 1914 во Скадар. Основно училиште завршува во Скопје, а гимназија учи во Скопје, Тетово и Призрен. 1934 се запишува на Уметничката школа во Белград, на која дипломирал 1938 г. Професори му биле: Љуба Ивановиќ, Коста Маринковиќ, Бета Вукановиќ, Петар Добровиќ, Иван Радовиќ, Никола Бешевиќ, и др. Од 1933 почнува посебно да се занимава со карикатурата. Веќе во тој период се интересира и за театарот, потесно за сценографијата. 1939 г. се враќа во Скопје и работи сè до 1941 како сценограф во Народниот театар (заедно со Никола Мартиноски и Томо Владимирски). Од април до декември 1941 е заробеник во германските логори: Либек, Хоенфелс и Нирнберг. Извесно време (1944) е интерниран во работен логор од Бугарите во Горна Џумаја, со некои селани од врањанските села. Веднаш по отпуштањето преминува во партизани и работи при Главниот штаб на НОБ (с. Г. Врановци). По ослободувањето станува сценограф во Македонскиот народен театар — должност што ја обавува сè до својата смрт. 1945 г. работи истовремено и како професор по декоративно цртање во новооснованото Уметничко училиште (сега Училиште за применета уметност) во Скопје. Во првите години после ослободувањето се занимава со пропагандна ликовна работа (за описменувањето, сеидбата, изборите), со изработка на значки, амблеми итн. и интензивно работи карикатури, цртежи и акварели, илустрира и опремува книги. Во таа смисла, илустратор е на првиот македонски буквар, творец на македонскиот државен грб, првиот грб на град Скопје, итн. Студиски патувања: ЧССР, Полска, Италија и Франција.
Починал на 10. XII 1962 во Скопје.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ
## EXPOSITIONS INDIVIDUELLES

1957 — Скопје, Изложба на карикатури и акварели, Уметничка галерија 7-IX- 21. IX 1957, (изложени 58 карикатури и 12 акварели)

1963 — Скопје, Комеморативна изложба на карикатури, акварели и скици за сценографија, Уметничка галерија 9—30. VI 1963 (изложени 75 карикатури, 11 акварели и 16 скици за сценографија)

1971 — Скопје, „Вардар — филм и Македонскиот народен театар во карикатурите на Василие Поповиќ — Цицо“ во рамките на III светска галерија на карикатури, Музеј на современата уметност, 20-VIII — 12. IX 1971 (изложени 17 карикатури)

— Титов Велес, „Македонските писатели во карикатурите на Василие Поповиќ — Цицо“, во рамките на VIII рацинови средби, Собрание на општината, 9—12. XI 1971 (изложени 19 карикатури)

1972 — Скопје, „Македонскиот народен театар во карикатурите и сценографиите на Василие Поповиќ — Цицо“, 10. XII 1972 — 5. II 1973, Македонски Народен театар (изложени 45 сценографии и 19 карикатури)

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

## EXPOSITIONS COLLECTIVES

1933 — Белград, V пролетна изложба на југословенските уметници, Павилјон „Цвијета Зузориќ"

1940 — Скопје, Изложба по повод десетгодишнината на „Јефимија" (излагачи: Н. Мартиноски, Л. Личеноски, Т. Владимирски, В. Поповиќ), Офицерски дом, 12—26. V

— Скопје, Изложба на „Јефимија" (излагачи: Н. Мартиноски, Л. Личеноски, Љ. Анѓелковиќ (Белогаски), Т. Владимирски, В. Коцоман и В. Поповиќ), 26 X — 10. XI

1945 — Скопје, I општа изложба на македонските уметници, 13. XI — 16. XII

1946 — Скопје, II изложба на македонските уметници, 29. XI—29.XII

— Титов Велес, Прилеп, Битола, Охрид, Изложбата на македонските уметници

— Белград, Изложба на скопските уметници и сликари на Армијата, Дом на ЈНА, 1—20.V

1947/48 — III општа изложба на македонските уметници, 28. XII 1947 — 28. I 1948

1948 — Скопје, IV општа изложба на македонските уметници, 1 — 31. V

— Белград, Изложба на југословенската карикатура, Уметнички павилјон, 30. IV — 20. V

1951 — Скопје, VI редовна изложба на македонските ликовни уметници, 11. X — 11. XI

1952 — Скопје, VII изложба на македонските ликовни уметници, Уметничка галерија, 29. XI — 30. XII

1953 — Скопје, VIII изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметничка галерија, 29. XI — 31. XII

— Белград, Изложба на ликовните уметници на Македонија, Уметнички павиљон, 22. III — 11. IV

1954 — Скопје, IX изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметничка галерија, 13. XI—3.XII

1954/55 — Загреб, Изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметнички павилјон

1955 — Скопје, X јубилејна изложба на ликовните уметници на Македонија, Уметничка галерија

— Марибор, Изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметностни павилјон, 10—28. II

1956 — Скопје, XI изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметничка галерија

— Скопје, Изложба во чест на денот на борецот, Дом на градежните работници, јули — август

1957 — Скопје, I пролетна изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметничка галерија, 20. IV — 10. V

1958 — Скопје, XIII изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметнички павилјон, 29.XI—29.XII

— Скопје, II пролетна изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметнички павилјон, мај

1959 — Скопје, Заедничка изложба на Н. Мартиноски, Т. Владимирски, Д. Тодоровски, В. Поповиќ, Б. Костовски, Дом на ДСВР

— Скопје, XIV изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметнички павилјон, 29.XI—29.XII

— Скопје, „15 години ликовно творештво во Македонија", Уметнички павилјон, 16—26. V

1960 — Скопје, „Македонски пејзаж 1950—1960“, Уметничка галерија
— Скопје, IV пролетна изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметнички павилјон

1961 — Скопје, НОБ во творбите на ликовните уметници, Дом на ЈНА

1962 — Скопје, „Скопје низ ликовни дела“, организирана од Музејот на град Скопје во Уметничката галерија, 13.XI
— Скопје, „Македонскиот портрет од XIX и XX век“, Уметничка галерија

1964 — Штип, „Современа македонска уметност“, Народен Музеј, Безистен

1966 — Титов Велес, НОВ и револуцијата во делата на македонските ликовни уметници (во рамките на „Рациновите средби“), декември

1967 — Скопје, „Современата македонска уметност меѓу двете војни“, Уметничка галерија, 10.X—10.XI
— Скопје, „Аспекти на цртежот во Македонија“, Музеј на современата уметност, 6—20.XII
— Скопје, „Македонски акварел“, Центар за култура и информации, 13—28.XI

1969 — Скопје, „Скопје низ ликовни дела“, организирана од Музејот на град Скопје во Уметничката галерија, 12—19.XI

1970 — Куманово, од колекцијата на Уметничката галерија — Скопје, Уметничка галерија (заедно со Белогаски, Владимирски, Караџа, Коџоман, Личеноски, Мартиноски, Пандилов)

## НАГРАДИ

## PRIX

1947 — Скопје, Награда за уметничка работа од Владата на НР Македонија
— Скопје, Републичка награда за сценографија

1948 — Скопје, Републичка награда за сценографија

1950 — Скопје, Награда за сценографија од Владата на НР Македонија

1959 — Пула, „Златна арена“ за сценографија на филмот„ Мис Стон“

1960 — Скопје, Октомвриска награда за политичка карикатура

1962 — Скопје, Октомвриска награда за сценографија на „Крвави свадби“ од Лорка
Одликуван е со медал заслуги за народ и Орден на трудот од III ред, за развој на македонската култура.

# КАТАЛОГ
# CATALOGUE

## КАРИКАТУРИ

## CARICATURES

1. БОГДАН ШУПУТ, 1937/38
Молив на хартија, 21,5 × 16,5
сигн. д. д.: Cico
сопст.: Светозар Дорошки, Белград

2. ПЕТАР ПРОТИЌ, 1938
молив на хартија, 22 × 14
сигн. д. л.: Cico / Skopje 38 г.
сопст.: Петар Протиќ, Белград

3. МОЈОТ ТАТКО, 1938
молив на хартија, 24 × 16,5
сигн. д. л.: Cico / 1938 г.
сопст.: Драгутин Фукс, Загреб

4. ЕВИЦА ПОПОВИЌ, 1938
молив на хартија, 14 × 19,5
сигн. д. д.: Cico / 1938
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

5. ОЛГА ЈАНЧЕТОВИЌ, 1938/39
молив на хартија, 20,5 × 17
сигн. д. л.: Cico / Skopje
сопст.: Олга Јанчетовиќ, Белград

6. ЈОСИФ МИХАЈЛОВИЌ, 1939
молив на хамер, 21 × 17
сигн. д. л.: Cico / Skopje
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

7. ТОМО ВЛАДИМИРСКИ, 1939
молив на хартија, 29,5 × 19
сигн. д. д.: Cico / 39
сопст.: семејство на Т. Владимирски, Скопје

8. СВЕТОЗАР ДОРОШКИ, 1940
темпера на картон, 32 × 15,2
б.с.
сопст.: Светозар Дорошки, Белград

9. ПАНТА ЈОВАНОВИЌ, 1940
молив на хартија, 35,2 × 25
сигн. д. д.: Cico / 1940
сопст.: Драга Јовановиќ, Белград

10. СВЕТОЗАР ДОРОШКИ, 1940
молив на хартија, 32 × 22,5
сигн. д. л.: Cico / 1940
сопст.: Светозар Дорошки, Белград

11. ПЕТРЕ ПРЛИЧКО, 1940
акварел на хартија, 23 × 17
сигн. д. д.: Cico
сопст: Петре Прличко, Скопје

12. НЕПОЗНАТ, 1940
темпера на картон, 33 × 23
сигн. д. д.: Cico / 1940
сопст.: Никола Кацаволу, Скопје

13. ТОДОР МАНЕВИЌ, 1940
туш и акварел на картон, 29,5 × 15
сигн. д. д.: Cico
сопст.: Жика Јовановиќ, Белград

14. Д-р Ж. САРАФИЌ, 1940
темпера на картон, 25 × 16
сигн. д. д.: Cico / 1940
сопст.: Никола Кацаволу, Скопје

15. Д-р БРАНОВАЧКИ, 1940
темпера на картон, 33,5 × 21
сигн. д. средина: Cico / 1940
сопст.: Никола Кацаволу, Скопје

16. БОРА АНТИЌ, 1940
темпера на картон, 26 × 20,5
сигн. д. л.: Cico / 1940
сопств.: Никола Кацаволу, Скопје

17. ДОБРОСЛАВ ЧИЛЕВ, 1942
акварел и молив на хартија, 31,4 × 23,2
сигн. д. д.: Cico / 12 jan. 1942 Sk
сопств.: Евгенија Кацаволу, Скопје

18. ТОМО ВЛАДИМИРСКИ, 1942
колаж на картон, 31 × 21
сигн. д. л.: Cico / 1942 Sk
сопст.: семејство на Т. Владимирски, Скопје

19. АЛЕКО ГРИЗО, 1943
темпера на картон, 34 × 29
б.с.
сопст.: Алеко Гризо, Скопје

20. ЦАКО ИКОНОМОВ, 1943
темпера на хартија, 34 × 21
сигн. д. д.: Cico 1943 Sk
сопст.: Цако Икономов, Белград

21. ПЕТРЕ ПРЛИЧКО, 1943
темпера на картон (каширана на шпер-плоча, 61,5 × 46,5
б.с.
сопст. :Петре Прличко, Скопје

22. ЕВИЦА ПОПОВИЌ, 1943
темпера на картон, 37 × 30,5
ситн. д. средина: Cico / 1943 / Sk
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

23. КРУМЕ ДЕСПОТОВСКИ, 1943
темпера на картон, 30 × 22
сигн. д. д.: Cico
сопст.: Круме Деспотовски, Скопје

24. ВАСИЛ ИВАНОВСКИ, 1944
темпера и молив на картон, 21 × 16
сигн. д. д.: Cico / 4 nov. 44 s. Vranovci
сопст.: Историски музеј, Скопје

25. ДРУГАРОТ АБАС, 1944
туш и акварел на хартија, 21,1 × 16,2
сигн. д. л.: Cico 27 sept. 1944. s. Vranovci
сопст.: Војни музеј, Белград

26. ГЕНАДИЕ, 1944
темпера на картон, 21 × 16,2
сигн. д. д.: Cico 28 sept. 1944 s. Vranovci
сопст.: Историски музеј, Скопје

26а. ГЕНАДИЕ, 1944
темпера на картон, 30 × 23,5
сигн. д. д.: Cico / 1944 Vranovci
сопст.: Уметничка галерија, Скопје

27. ПАСКАЛ СИМИТЧИЕВ, 1944
молив на хартија, 21 × 16,2
сигн. д. л.: Cico / 28 sept. 1944 s. Vranovci
сопст.: Историски музеј, Скопје

28. ВЛАДО МАЛЕВСКИ, 1944
молив на хартија, 28,8 × 21
Vranovci
сигн. д. л.: Cico / 25 okt. 44 s.
сопст.: Историски музеј, Скопје

29. МАНЕ ЧУЧКОВ, 1944
темпера на картон, 21 × 16,2
сигн. д. д.: Cico / 18 sep. 44 Đuriški manastir
сопст.: Историски музеј, Скопје

29а. МАНЕ ЧУЧКОВ, 1944
темпера на картон, 31,5 × 23
сигн. д. д.: Cico /1944 Đuriški manastir
сопст.:Уметничка галерија, Скопје

30. ЕПАМИНОНДА ПОПАНДОНОВ, 1944
молив на картон, 21 × 16,2
сигн. д. л.: Cico / 1 oktobar 1944 s. Vranovci
сопст.: Историски музеј Скопје

31. ЕПАМИНОНДА ПОПАНДОНОВ, 1944
молив на хартија, 21 × 16,2
сигн. д. л.: Cico / 1 oktobar 1944 s. Vranovci
сопст.: Историски музеј, Скопје

32. АЦО ПЕТРОВСКИ, 1944
молив на картон, 21 × 16,2
сигн. д. л.: Cico / 1 oktobar 1944 s. Vranovci
сопст.: Историски музеј, Скопје

33. КИРО ПЕТРУШЕВ, 1944
молив на картон, 21 × 16,2
сигн. д. л.: Cico / 1 oktobar 1944 s. Vranovci
сопст.: Историски музеј, Скопје

34. ПЕРО КОРОБАР, 1944
молив на хартија, 7 × 8
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

35. АЦО ШОПОВ, 1944 (recto)
молив на хартија, 16 × 11,8
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

36. БЛАЖЕ КОНЕСКИ, 1944 (verso)
молив на хартија, 16 × 11,8
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

37. ИЛИЈА ТОПАЛОВСКИ, 1944
молив на картон, 21 × 16,2
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

38. ВЛАДО МАЛЕВСКИ, 1944
молив на картон, 21 × 16,2
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

39. БОГОЕ ФОТЕВ, 1944
молив на хартија, 13 × 7
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

40. ПЕТРЕ БОГДАНОВ — КОЧКО, 1944
молив на хартија, 12 × 9,8
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

41. СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, 1944
молив на хартија, 28,8 × 21,2
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

42. АЈЗЕНХАУЕР, 1944
молив на хартија, 21,5 × 14,4
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

43. МЕТОДИЈА АНДОНОВ — ЧЕНТО, 1944
молив на хартија, 13 × 8
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

44. МЕТОДИЈА АНДОНОВ — ЧЕНТО, 1944
молив на хартија, 23,5 × 15,3
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

45. ДИМЧЕ КОЦО, 1944
молив на хартија, 17,5 × 12,5
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

46. АЛЕКСО МАРТУЛКОВ, 1944
молив на хартија, 23,5 × 15
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

47. ДИМЕ БОЈАНОВСКИ — ДИЗЕ, 1944
молив на хартија, 19,8 × 15,7
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

48. ДИМИТАР ВЛАХОВ, 1944
молив на хартија, 23 × 15
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

49. ПАНКО БРАШНАРОВ, 1944
молив на хартија, 13 × 7
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

50. ДРАГОЉУБ БУДИМОВСКИ, 1944
молив на хартија, 19,7 × 15,5
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

51. ТОДОР ЅВЕЗДИН, 1944
молив на хартија, 19,3 × 11,5
б.с.
сопст.: Историски музеј, Скопје

52. СПАСЕ КУНОВСКИ, 1947
креда на хартија, 23 × 16,3
б.с.
сопст.: Спасе Куновски, Скопје

53. ДРАГУТИН ФУКС, 1949
темпера на картон, 37,3 × 24,3
сигн. д. д.: Cico / 1949 Sk
сопст.: Драгутин Фукс, Загреб

54. ЗЛАТЕ БИЉАНОВСКИ, 1950
темпера на картон, 32 × 20
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1950
сопст.: Злате Биљановски, Скопје

55. ГОРДАНА ПОПОВИЌ, 1951
(незавршена)
темпера и молив на картон, 37 × 21,5
сигн. д. средина: Cico / Sk febr. 1951
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

56. КИРИЛ СПИРОВСКИ, 1951
темпера на картон, 33 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1951
сопст.: Кирил Спировски, Скопје

57. ВЛАДО МАЛЕВСКИ, 1951
туш на хартија, 26,7 × 21 1
сигн. д. д.: Cico Popović, Skopje 1951
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

58. ЖИВКО ФИРФОВ, 1951
темпера на картон, 29 × 23
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1951
сопст.: Фолклорен институт, Скопје

59. СКИЦА ЗА КАРИКАТУРА НА ЖИВКО ФИРФОВ

60. СЛАВКО ПОПОВИЌ, 1951
темпера на картон, 49,5 × 38
сигн. д. д.: Cico / 1951 Sk
сопст.: семејство на В. Поповиќ Белград

61. ЗДРАВКО БЛАЖИЌ, 1951
темпера на картон, 40 × 33
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1951
сопст.: Здравко Блажиќ, Белград

62. 4 СКИЦИ ЗА КАРИКАТУРА НА ЗДРАВКО БЛАЖИЌ

63. ДАНЧО МИТРОВСКИ И ЗИНА КРЕЉА, 1952
темпера на картон, 27,5 × 21,5
сигн. д. д.: Cico Popović / 1952 Sk
сопст.: МН Театар, Скопје

64. Д-р БЕЛИЈА, 1952
темпера на картон, 35,5 × 25,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 52
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

65. Д-р ГЛИГОР МУРАТОВСКИ, 1952
темпера на картон, 36 × 25,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 52
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

66. Д-р ДРАГОСЛАВ МИЛЕТИЌ, 1952
темпера на картон, 36 × 25
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 52
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

67. Д-р БОЖИДАР НИКЕТИЌ, 1952
темпера на картон, 36 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 52
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

68. ДИМИТАР АНДОНОВ — ЗОГРАФСКИ, 1952
темпера на картон, 28 × 21
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1952
сопст.: Уметничка галерија, Скопје

69. СКИЦА ЗА КАРИКАТУРАТА НА ДИМИТАР АНДОНОВ — ЗОГРАФСКИ

70. ДАНКА И ЖИВКО ФИРФОВИ, 1953
темпера на картон, 30 × 23
сигн. д. л.: Cico Popović / 1953
сопст.: МН Театар, Скопје

71. ДИМИТАР ЌОСТАРОВ, 1953
темпера на картон, 34 × 23,5
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1953
сопст.: МН Театар, Скопје

72. КИРИЛ СПИРОВСКИ, 1953
темпера на картон, 29 × 20
сигн. д. д.: Cico / 1953
сопст.: МН Театар, Скопје,

73. ИЛИЈА МИЛЧИН, 1953
темпера на картон, 35 × 21,2
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1953
сопст.: МН Театар, Скопје

74. МАРИЈА БОШКОВА, 1953
темпера на картон, 30 × 24
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1953
сопст.: МН Театар, Скопје

75. ДИМЧЕ КОЦО, 1953
темпера и молив на картон, 36×25,5
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1953
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

76. ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ, 1953
темпера на картон, 34,5 × 22,5
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1953
сопст.: Трајко Прокопиев, Скопје

77. СКИЦА ЗА КАРИКАТУРАТА НА ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ

78. БЛАЖЕ КОНЕСКИ, 1954
темпера на картон, 27,5 × 18,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1954
сопст.: Блаже Конески, Скопје

79. 2 СКИЦИ ЗА КАРИКАТУРА НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ

80. РИСТО КРЛЕ, 1954
темпера на картон, 31,5 × 25
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1954
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

81. ПЕРО КОРОБАР, 1954
темпера на картон, 29 × 21
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1954
сопст.: Перо Коробар, Скопје

82. ЉУБЕН ЛАПЕ, 1954
темпера на картон, 34 × 25,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1954
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

83. ПЕТАР ТОФОВИЌ И АНА ЛИПША ТОФОВИЌ, 1954
темпера на картон, 35 × 22
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1954
сопст.: семејство Тофовиќ, Скопје

84. ТОДОР СКАЛОВСКИ, 1954
темпера на картон, 32 × 22
сигн. д. д.: Cico Popović 1954
сопст.: Тодор Скаловски, Скопје

84а. ДИМИТАР ЌОСТАРОВ. 1955
темпера на картон, 31 × 25,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Димитар Ќостаров, Скопје

85 АНА ЛИПША ТОФОВИЌ, 1955
темпера на картон, 29 × 23
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Ана Тофовиќ Липша, Скопје

86. АВТОКАРИКАТУРА II, 1955
темпера на картон, 33 × 26
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

87. ВЛАДО МАЛЕВСКИ, 1955
темпера на картон, 31 × 25
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Владо Малевски, Скопје

88. МИТКО ЗАФИРОВСКИ, 1955
темпера на картон, 31,5 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

89. ГОЈКО СЕКУЛОВСКИ, 1955
темпера на картон, 32 × 22,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Гојко Секуловски, Белград

90. ИВАН МАЗОВ, 1955
темпера на картон, 32,5 × 23
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Иван Мазов, Скопје

91. БОРО ЧУШКАР, 1955
темпера на картон, 34 × 24
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Боро Чушкар, Скопје

92. АСПАРУХ КАНЕВЧЕ, 1955
темпера на картон, 35 × 25
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Аспарух Каневче, Скопје

93. БОРИС ЧИПАН, 1955
темпера на картон, 32,5 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

94. ПЕТРЕ БОГДАНОВ — КОЧКО, 1955
темпера на картон, 28 × 23
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Петре Богданов — Кочко, Скопје

95. БОЖА ЧЕРНИВЕЦ, 1955
темпера на картон, 34 × 24,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: МН Театар, Скопје

96. ТОМЧЕ ГРНЧАРОВСКИ, 1955
темпера на картон, 27 × 21,2
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: МН Театар, Скопје

97. НИНА КИРСАНОВА, 1955
темпера на картон, 32,5 × 23,3
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Нина Кирсанова, Белград

98. НИКОЛА МАРТИНОСКИ, 1955
темпера на картон, 29 × 22,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: семејство на Н. Мартиноски, Скопје

99. 3 СКИЦИ ЗА КАРИКАТУРА НА НИКОЛА МАРТИНОСКИ

100. КОЧО МАРТИНОСКИ, 1956
темпера на картон, 29 × 19,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: семејство на Н. Мартиноски, Скопје

101. JОВАН БОШКОВСКИ, 1956
темпера на картон, 34 × 23
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1956
сопст.: семејство на J. Бошковски, Скопје

102. ПЕТРЕ ПРЛИЧКО, 1956
темпера на хартија, 29 × 21,2
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1956
сопст.: Петре Прличко, Скопје

103. ОТО ЖУПАНИЌ, 1956
темпера на картон, 34,5 × 21,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1956
сопст.: МН Театар, Скопје

104. ЃОКО АНГЕЛОВСКИ, 1956
темпера на картон, 26 × 37
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1956
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

105. ДИМЧЕ МИРЕ, 1956
темпера на картон, 31,5 × 19,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1956
сопст.: Димче Мире, Скопје

106. МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ — JАСМИН, 1956
темпера на картон, 37 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1956
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

107. ЛИЛЈАНА МАНЕВА, 1956
темпера на картон, 31 × 22
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1956
сопст.: Лилјана Манева, Скопје

108. МИХО ЧАКЕЉА, 1956
темпера на картон, 31,5 × 25,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1956
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

109. КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ, 1957
темпера на картон, 30 × 24,5
сигн. д. д.: Cico Popović / 1957
сопст.: Крсте Црвенковски, Скопје

110. ПЕРО КОРОБАР, 1957
темпера на картон, 27 × 21,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: Перо Коробар, Скопје

111. ДАРЕ ЏАМБАЗ, 1957
темпера на картон, 41,5 × 32
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

112. АНТОНИЕ НИКОЛОВСКИ, 1957
темпера на картон, 37 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: Антоние Николовски, Скопје

113. СЛАВКО JАНЕВСКИ, 1957
темпера на картон, 36,5 × 32
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: Славко Jаневски, Скопје

114. СКИЦА ЗА КАРИКАТУРА НА СЛАВКО JАНЕВСКИ

115. НЕВЕНА ТЕОХАРЕВА, 1957
темпера на картон, 34 × 24,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: Невена Теохарева, Скопје

116. JОВАН ПОПОВСКИ, 1957
темпера на картон, 34 × 21,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: Jован Поповски, Скопје

117. ИСКРА ГРАБУЛОВСКА, 1957
темпера на картон, 37 × 31,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

118. СЛОБОДАН ЦВЕТКОВИЌ, 1957
темпера на картон, 32,2 × 19
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: Слободан Цветковиќ, Белград

119. ДИМИТАР МИТРЕВ, 1958
темпера на картон, 31 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1958
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

120. 3 СКИЦИ ЗА КАРИКАТУРА НА ДИМИТАР МИТРЕВ

121. БЛАГОЈ АТАНАСОВ, 1958
темпера на картон, 38 × 25,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1958
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

122. ЈОВАН КОСТОВСКИ, 1958
темпера на картон, 29,5 × 24,2
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1958
сопст.: Јован Костовски, Скопје

123. ЃОРЃИ БАЗБОКИЛОС, 1958
темпера на картон 35 × 25,5
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1958
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

124. ХАРАЛАМПИЕ ПОЛЕНАКОВИЌ, 1959
темпера на картон, 34,5 × 21,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: Харалампие Поленаковиќ, Скопје

125. СКИЦА ЗА КАРИКАТУРАТА НА ХАРАЛАМПИЕ ПОЛЕНАКОВИЌ

126. ЈОРДАН ЛЕОВ, 1959
темпера на картон, 37 × 30
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

127. БЛАГОЈА ПОПОВ, 1959
темпера на картон, 36 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

128. СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, 1959
темпера на картон, 25 × 36
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: Славко Јаневски, Скопје

129. ТОМЕ АРСОВСКИ, 1959
темпера на картон, 37 × 29,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

130. ЃОРЃИ АБАЏИЕВ, 1959
темпера на картон, 36 × 25
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

131. МАТЕЈА МАТЕВСКИ, 1959
темпера на картон, 36 × 27
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

132. ДИМИТАР СОЛЕВ, 1959
темпера на картон, 37 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

133. АЦО АЛЕКСИЕВ, 1959
темпера на картон, 37 × 33
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

134. ГАНЕ ТОДОРОВСКИ, 1959
темпера на картон, 32 × 27
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

135. ГОГО ИВАНОВСКИ, 1959
темпера на картон, 37 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

136. ПАНДЕ ПОПОВСКИ, 1959
темпера на картон, 37 × 29
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

137. БРАНКО ВАРОШЛИЈА, 1959
темпера на картон, 37 × 30
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

138. БРАНКО ЗАРЕВСКИ, 1959
темпера на картон, 37 × 30
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

139. ЛАЗО НАУМОВСКИ, 1959
темпера на картон, 37 × 26,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

140. КОСТА БАЛАБАНОВ, 1959
темпера на картон, 29 × 23
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

141. ЉУБЕ ПЕТКОВСКИ, 1959
темпера на картон, 30 × 19,2
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: Љубе Петковски, Скопје

142. БРАНКО МИХАЈЛОВСКИ, 1959
темпера на картон, 37 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

143. АЦО ПЕТРОВСКИ, 1959
темпера на картон, 37 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

144 ТРАЈЧЕ ПОПОВ, 1959
темпера на картон, 35 × 33
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

145. ДЕМИР ФИРУЗ, 1959
темпера на картон, 34 × 24,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: Демир Фируз, Скопје

146. ДИМЧЕ БЕЛОВСКИ, 1959
темпера на картон, 27,6 × 23,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: Димче Беловски, Белград

147. ДРАГА ЧАЛОВСКА, 1959
темпера на картон, 37 × 30
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

148. Д-р ЉУБОМИР ШУКАРЕВ, 1959
темпера на картон, 34 × 22
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: д-р Љубомир Шукарев, Скопје

149 Д-р ВЕРА ДОЛГОВА — КОРУБИН, 1959
темпера на картон, 29,5 × 20
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: Д-р Вера Долгова—Корубин, Скопје

150. МИЛКА БОЖИКОВА, 1959
темпера на картон, 37 × 26,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

151. МИТО ДИМИТРИЕВСКИ, 1959
темпера на картон, 26,5 × 20,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: МН Театар, Скопје

152. Д-р МЕЛКОНИЈАН, 1959
темпера на картон, 26 × 24
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

153 БЕЛИ ШТРКОВИ (Благоја Дрнков и Мишо Самоиловски), (незаршена) 1959
темпера на картон, 72,5 × 48
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1959
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

154. МИЛАН ЃУРЧИНОВ, 1960
темпера на картон, 37 × 26,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1960
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

155. ДРАГАН ТАШКОВСКИ, 1960
темпера на картон, 37 × 25,5
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

156. БРАНКО КАРАКАШ, 1960
темпера на картон, 37 × 26,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1960
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

157. ЈОНЧЕ ХРИСТОВСКИ, 1960
темпера на картон, 36,5 × 26,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1960
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

158. ТРПЕ ЈАКОВЛЕВСКИ, 1960
темпера на картон, 36 × 30
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1960 (2 пати)
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

159. ЉУПЧО СТЕФАНОВСКИ, 1961
темпера на картон, 37 × 31,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1961
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

160. СТОЈМИР ПОПОВСКИ, 1962
темпера на картон, 33 × 26
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1962
сопст.: МН Театар, Скопје

161. СПАСЕ КУНОВСКИ, 1962
темпера на картон, 35,5 × 25,7
б.с.
сопст.: Спасе Куновски, Скопје

## ГРУПНИ КАРИКАТУРИ

162. СРЕДБА НА ПАЗАР, 1940
темпера на картон, 16 × 13,5
сигн. д. д.: Cico 1940
сопст.: Милош Мацура, Белград

163. СЀ ЈУНАК ДО ЈУНАК (Томо Владимирски, Живко Фирфов, Здравко Блажиќ, Димо Тодоровски, Трајко Прокопиев), 1944
молив на хартија, 29 × 25
б.с.
сопст.:Здравко Блажиќ, Белград

163а. ПРОФЕСОРИ ОД УМЕТНИЧКОТО УЧИЛИШТЕ, 1945
темпера на картон, 28 × 28
сигн. д. д.: Cico / 1945
сопст.: Училиште за применета уметност, Скопје

164. ОПЕРАТА ПРИ МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР, 1949
темпера на картон, 53 × 41
сигн. д. д.: Cico 1949 / Sk
сопст.: МН Театар, Скопје

165. СЦЕНА ОД „СОМНИТЕЛНО ЛИЦЕ“, 1949
темпера на картон, 37 × 50
сигн. д. д.: Cico / 1949 Sk
сопст.: МН Театар, Скопје

166. 4 СКИЦИ ЗА КАРИКАТУРАТА — СЦЕНА ОД „СОМНИТЕЛНО ЛИЦЕ“ (Т. Николовски, И. Џувалековски, П. Прличко)

167. ГРУПНА КАРИКАТУРА НА ПИСАТЕЛИТЕ, 1954
темпера на картон, 48 × 62,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1954
сопст.: Друштво на писателите на СРМ, Скопје

168. РАЗГЛЕДИ — ХОРИЗОНТ, 1954
темпера на картон, 50 × 69,5
б.с.
сопст.: Друштво на писателите на СРМ, , Скопје

169. УПРАВНИОТ ОДБОР НА ТЕАТАРОТ, 1954
темпера на картон, 38 × 49
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1954
сопст.: МН Театар, Скопје

170. НОВОГОДИШНА ЕЛКА, 1955
темпера на картон, 36 × 50
сигн. д. д.: Cico / Sk
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

171. ГРУПНА КАРИКАТУРА НА МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ, 1955
темпера на картон, 50 × 70
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Уметничка галерија, Скопје

172. 10 СКИЦИ ЗА КАРИКАТУРАТА НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ (Д. Коцо, В. Коџоман, Д. Пандилов, Л. Личеноски, Н. Мартиноски, Љ. Стефановски, В. Ѓоргиев, Б. Костовски, Ј. Грабул, Д. Тодоровски)

173. РОНДО, 1955
темпера на картон, 40 × 51
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: Уметничка галерија, Скопје

174. ДРАМАТА ПРИ МН ТЕАТАР СКОПЈЕ, 1955
темпера на картон, 49 × 69
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1955
сопст.: МН Театар, Скопје

175. ОМНИБУС, 1957
темпера на картон, 40 × 56,5
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1957
сопст.: Вардар филм, Скопје

176. ВИЗА НА ЗЛОТО, 1958
темпера на картон, 47 × 72
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1958
сопст.: Вардар филм, Скопје

177. МИС СТОН, 1958
темпера на картон, 40 × 100
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1958
сопст.: Вардар филм, Скопје

178. ГРУПА ПИСАТЕЛИ — ИЗДАВАЧИ (Старделов, Јаневски, Шопов, Јовановски, Арсовски), 1958
темпера на картон, 39,5 × 51
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk 1958
сопст.: Македонска книга, Скопје

179. МИРНО ЛЕТО, 1961
темпера на картон, 78 × 55
сигн. д. д.: Cico Popović / Sk 1961
сопст.: Вардар филм, Скопје

## ПОЛИТИЧКА

## КАРИКАТУРА

180. АГИТ — ПРОП НА ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НОБ НА МАКЕДОНИЈА, 1944
туш на хартија, 18,1 × 24,7
б.с.
сопст.: Војни музеј, Белград

181. БУНКЕР, 1945
темпера на картон, 32 × 26
сигн. д. д.: Cico 1945
сопст.: Уметничка галерија, Скопје

182 ФАШИСТИЧКА ПАРАДА, 1945
темпера на картон, 30 × 24
сигн. д. д.: Cico / Sk
сопст.: Уметничка галерија, Скопје

183. РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВРЕЈСКОТО ПРАШАЊЕ, 1945

184. НОВ ЌУП ВО ДОЛИНАТА НА ЌУПОВИТЕ, 1962
туш и темпера на картон, 26 × 35
б.с.
сопст.: семејство на Н. Мартиноски, Скопје

## АКВАРЕЛИ

## AQUARELLES

185. МРТВА ПРИРОДА, 1938
29,4 × 34
б.с.
сопст.: Арса Лазаревиќ, Белград

187. ЖЕНСКА ГЛАВА, 1942
24,5 × 18
сигн. д. л.: Cico / 1942
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

188. МОМЧЕ СО КАРТИ, 1942
29 × 21
сигн. д. л.: Cico Popović / Sk
сопст.: семејство на В. Поповиќ, Белград

189. МОМЧЕ СО КАРТИ, 1943
29,5 × 23,7
сигн. д. л.: Cico / 1943
сопст.: Цако Икономов, Белград

190. ЧЕТИРИ ПОПА, 1943
29 × 26
сигн. д. л.: Cico / 1943
сопст.: Цако Икономов, Белград

191. ДЕВОЈЧЕ, 1943
30 × 23
сигн. д. л.: Cico / 1943
сопст.: Цако Икономов, Белград

192. АРТИСТ, 1951
42 × 32,5
сигн. г. д.: Cico Popović / Sk 1951
сопст.: Уметничка галерија, Скопје

193. ДЕВОЈЧЕНЦЕ, I, 1953
38,5 × 33
